**ПРОПИСИ НА ПРОМОТИВНАТА КАМПАЊА**
**„виосна 2025”**
(понатака: **Правилник**)

**1. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

1.1. Промотивна Кампања наречена „виосна 2025 “ (понатака: **Промотивна Кампања**) е маркетинг кампања подготвена од страна на фирмата Goodyear Polska Sp.z o.o. со седиште во Варшава ul. Krakowiaków 48, внесена во Националниот Судски Регистар на претприемачи од страна на Основниот Суд за главниот град Варшава, во Варшава, XIII Трговски Оддел на Националниот Судски Регистар под KRS број 0000104862 (понатака: **Организатор**).

1.2. Промотивната Кампања има цел да ја зголеми продажбата на комплети (4 парчиња) нови зимски, летни и сите сезонски гуми на брендот „Goodyear“ со димензии од 17 инчи и поголеми, наменети за патнички или автомобили со погон на четири тркала/SUV (понатака: **Промотивни Гуми**).

1.3. Реализацијата на Промотивната Кампања е поддржана и координирана од PRO DUCT By Business Friends Sp. z o.o. со седиште во Варшава (Полска) ul. Jankowska 10, 02-129 Warszawa, внесена во регистарот на претприемачи што го води Основниот Суд за главниот град Варшава, во Варшава, XII Трговски Оддел на Националниот Судски Регистар под KRS број 0000004049 (понатака: **Координатор**).

1.4. Промотивната Кампања трае од 01.03.2025 до 30.06.2025 или до исцрпување на наградниот фонд, за која станува збор во точка 3.2. во Правилникот - во зависност од тоа, кој од овие настани ќе се случи како прв (понатака: **Времетраење на Промотивната Кампања**).

1.5. Промотивната Кампања се спроведува во авто сервисите „Vulco” лоцирани во Македонија (понатака: **Сервиси**). Списокот на сервисите, кои учествуваат во Промоцијата може да се најде во Додатокот бр. 1 на Правилникот.

1.6. Правилникот е достапен на www.myvulco.eu во текот на Периодот на Промотивната Кампања.

**2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОМОТИВНАТА КАМПАЊА**

2.1. Промотивната Кампања е наменета за возрасни физички лица кои живеат во Македонија, кои купуваат Промотивни Гуми за цели, кои не се поврзани со нивната деловна или професионална дејност, како и за физички лица, кои имаат бизнис во Македонија, кои имаат целосна деловна способност и купуваат Промотивни Гуми како дел од нивниот бизнис, деловна или професионална дејност (понатака: **Учесници**).

2.2. Во Промотивната Кампања неможат да учествуваат претставници, вработени, членови на семејствата на Организаторот, Координаторот, како и други субјекти кои учествуваат во подготовката и спроведувањето на Промотивната Кампања на барање на Организаторот, како и лицата кои остануваат во постојана соработка со горенаведените субјекти, кој не произлегува од договор за вработување. За членови на семејството се подразбираат: асценденти, потомци, браќа и сестри, браќа и сестри на асценденти и потомци, брачни другари, лица поврзани со афинитет во иста мера како и роднините споменати погоре, законски старатели и лица во блиски општествени односи.

**3. ПРАВИЛА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ ВО ПРОМОТИВНАТА КАМПАЊА**

3.1. Награди во Промотивната Кампања се ваучер до Sport Vision Stores во вредност од 1500 MKD за купување на комплет Промотивни Гуми (понатака наречени: **Награди**). На ваучерот е наведен рокот на важноста на ваучерот. Деталните услови за користење на ваучерот за

онлајн продавницата Sport Vision се наведени во правилникот достапен на: https://www.sportvision.mk/mk/gift-card, со кој треба да се запознаеш пред се искористи ваучерот.

3.2. Планирани се вкупно 79 награди за дистрибуција во Промотивната Кампања. Откако ќе се исцрпе еден број на Награди, веќе не е можно да се регистрира купување и да се добие дадена Награда. Информациите за исцрпување на одреден број на награди ќе бидат веднаш достапни на веб-страницата www.myvulco.eu (понатака: **Веб-страница за Промотивна Кампања**)

**3.3.** За да влезете во Промотивната Кампања и да добиете Награда во неа, со резервирање на точката 3.2. во Правилникот, Учесникот треба да ги исполнува следните услови, **во Времетраење на Промотивната Кампања**:

3.3.1.1. во Времетраење на Промотивната Кампања, Учесникот треба да купи комплет Промотивни Гуми во било кој Сервисен Центар и да го задржи оригиналниот доказ за купување,

3.3.1.2. а потоа да влезе на Веб-страницата на Промотивната Кампања и да го регистрира купувањето на Промотивни Гуми, за што е потребно пополнување на формуларот за апликација, наведен во точката 3.4. во Правилникот.

3.4. Правилно пополнет формулар за апликација бара:

3.4.1. подавање на потребните лични податоци на Учесникот, односно име, презиме, адреса на е-пошта, телефонски број,

3.4.2. приложување јасна фотографија или скенирање на доказот за купување со кој се потврдува купувањето на Промотивни Гуми, во согласност со точката 3.3.1.1. во Правилникот,

3.4.3. означување во изјавата за запознавање и прифаќање на содржината на Правилникот

3.4.4. согласност за обработка на лични податоци во врска со учество во Промотивната Кампања.

3.5. Во рамките на формуларот за апликација, за кои станува збор во точките 3.3.1.2. и 3.4. во Правилникот Учесникот може дополнително да се согласи да добива од компанијата Goodyear Polska Sp. z o.o комерцијални информации во врска со тековните промоции на горенаведената компанија. Неизразување таква согласност не го лишува Учесникот да учествува во Промотивната Кампања и да ја добие наградата.

3.6. Еден Учесник може да добие само една Награда. Ова особено значи, дека еднократно купување на поголем број комплети Промотивни Гуми (на пр. два комплети) не дава право за добивање повеќе од една Награда.

3.7. Координаторот постојано ги проверува формуларите испратени како дел од Промотивната Кампања. Откако ќе ја потврди точноста на податоците содржани во формуларот, Учесникот ќе добие е-мејл порака со информација за доделената Награда. Доколку формуларот содржи неточни или нецелосни информации, Координаторот може да се контактира со Учесникот за да ги разјасни сите сомнежи, а исто така може да побара од Учесникот да обезбеди дополнителни информации или документи.

3.8. Промотивната Кампања не вклучува купување на Промотивни Гуми преку Интернет.

3.9. Наградата ќе биде издадена во рок од 30 дена од датумот на потврдување на правото на Учесникот да ја прими Наградата во согласност со точката 3.7. во Правилникот (испраќање пораки од страна на Координаторот). Наградите ќе бидат испратени на е-мејл адреси на

Учесниците дадени во формуларот во врска со приклучувањето кон Промотивната Кампања.

## 4. РЕКЛАМАЦИИ

4.1. Учесниците можат да поднесат рекламации до Организаторот во врска со текот на Промотивната Кампања во Период на нејзиното траење, но најдоцна во рок од 14 дена од датумот на нејзиното завршување во согласност со точка 1.4. во Правилникот (одлучувачки е датумот на доставување на рекламација до Организаторот).

4.2. Учесниците можат да поднесат рекламации преку електронска пошта, препорачано писмо или курир. Рекламациите доставени по препорачано писмо или курир треба да се испратат на следната адреса на Организаторот: Goodyear Polska Sp z o.o. Dział Usług Premio ul. Krakowiaków. Br. 48, 02-255 Warszawa. Рекламациите доставени преку електронска пошта треба да се испратат на една од следните адреси на е-мејл на Организаторот: marketing@premio.pl или contact@myvulco.eu.

4.3. Рекламацијата треба да содржи: име и презиме на Учесникот, адреса на кореспонденција (доколку рекламацијата е испратена со писмо), како и детален опис и наведување на причината за рекламцијата, како и барање за конкретно однесување од страна на Организаторот.

4.4. Одлуката за прифаќање или отфрлање на рекламацијата на Организаторот, кој ќе го информира Учесникот, кој ја поднесува рекламацијта за неговата конечна одлука во рок од 14 дена од приемот на рекламацијата.

4.5. Постапката за рекламација е доброволна, не го исклучува правото на Учесникот за поднесување побарувања преку судска постапка, независно од постапката за рекламација.

## 5. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Организаторот е администратор на личните податоци на Учесниците кои учествуваат во Промотивната Кампања. Детални информации во врска со обработката на личните податоци на Учесниците се вклучени во документите: „Веб-страница MyVulco Правилник'' и „Политика на приватност во Интернет'' се објавени и достапни на Веб-страницата.

## 6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

6.1. Во случај на прашања во врска со Промотивната Кампања, Учесниците може да се контактираат со Организаторот преку електронска пошта користејќи ја следната адреса на Организаторот: marketing@premio.pl или contact@myvulco.eu.

6.2. Правилникот ги обврзува сите субјекти кои учествуваат во Промотивната Кампања, одредувајки ги правилата на Промотивната Кампања, критериумите за учество во Промотивната Кампања и правата и обврските на Организаторот, Координаторот и Учесниците.

6.3. Организаторот го задржува правото да го промени Правилникот и условите на Промотивната Кампања за време на нејзиното траење, доколку тоа е оправдано со цел тоа да не резултира со влошување на условите за учество во Промотивната Кампања, под услов, дека овие промени неможат да ги нарушуваат правата што веќе ги стекнале Учесниците. Информациите за промените на Правилникот ќе бидат испратени до Учесниците на е-мејл адреса наведена во формуларот за апликација и достапни на веб-страницата на Промотивната Кампања.

6.4. Правата кои произлегуваат од учеството во Промотивната Кампања Учесникот неможе да ги пренесе на трето лице.

6.5. Во секој случај на прекршување на одредбите од Правилникот од страна на Учесникот, Организаторот има право да го исклучи од учество во Промотивната Кампања. Организаторот има право да ги исклучи од учество во Промотивната Кампања Учесниците кои, особено:

6.5.1. учествуваат во Промотивна Кампања користејќи фиктивни лични податоци или се регистрираат за Промотивна Кампања повеќе пати, користејќи различни лични податоци (на пр. различни адреси на е-мејл) или лични податоци на други луѓе,

6.5.2. вршат активности спротивни со законот, особено кога нивното однесување им штети на интересите на трети лица,

6.5.3. спроведуваат било какви активности, кои имаат цел да го заобиколат Правилникот или безбедносните мерки или принципи на функционирање на Промотивната Кампања, по спроведување на објаснувачка постапка со која ќе се потврди горенаведената предпоставка.

6.6. Наградите на лицата исклучени од Промотивната Кампања, остануваат во сопственост на Организаторот по спроведување на постапките за објаснување.

6.7. Наградите издадени во Промотивната Кампања ќе се подмират во согласност со важечкиот даночен закон.

## ПРИЛОГ БР 1 – СПИСОК НА СЕРВИСИ

| Name | Street | House бр | Postal code | City | Telephone |
|---|---|---|---|---|---|
| VULCO БИТОЛА | ВОДЕН | 16 | 7000 | БИТОЛА | +38978568182 |
| VULCO БОГОВИЊЕ | С.БОГОВИЊЕ | ББ | 1220 | БОГОВИЊЕ-ТЕТОВО | +38970224827 |
| VULCO ГЕВГЕЛИЈА | 7-МИ НОЕМВРИ | ББ | 1480 | ГЕВГЕЛИЈА | +38970218688 |
| VULCO ГОСТИВАР | СЕДЕК КОСТОСКИ | 39А | 1230 | ГОСТИВАР | +38975229919 |
| VULCO КАВАДАРЦИ | ЗАПАДЕН БУЛЕВАР | 73 | 1430 | КАВАДАРЦИ | +38970218166 |
| VULCO КИЧЕВО | ТОМ ЏЕЛАЈ ШУМСКИ | 9 | 6250 | КИЧЕВО | +38970223213 |
| VULCO КУМАНОВО | ВАСИЛ ДРАГОМАНСКИ | 21 | 1300 | КУМАНОВО | +38978691518 |
| VULCO НЕГОТИНО | ИНДУСТРИСКА | ББ | 1440 | НЕГОТИНО | +38976467645 |
| VULCO ОХРИД | АБАС ЕМИН | 33 | 6000 | ОХРИД | +38978333033 |
| VULCO ОХРИД 2 | АБАС ЕМИН | 49 | 6000 | ОХРИД | +38970232807 |
| VULCO ПРИЛЕП | АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ | ББ | 7500 | ПРИЛЕП | +38975308075 |
| VULCO СКОПЈЕ 2 | БУЛ.МАКЕДОНСКО-КОСОВСКА БРИГАДА | ББ | 1000 | СКОПЈЕ | +38970328662 |
| VULCO СКОПЈЕ 3 | ПЕРО НАКОВ | 1 | 1000 | СКОПЈЕ | +38975305787 |
| VULCO СКОПЈЕ 4 | ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ | 60 | 1000 | СКОПЈЕ | +38970248714 |
| VULCO СКОПЈЕ 5 | КАЧАНИЧКИ ПАТ | ББ | 1000 | СКОПЈЕ | +38970248714 |
| VULCO СКОПЈЕ 6 | БУЛ.СРБИЈА | 48А | 1000 | СКОПЈЕ | +38970248714 |
| VULCO СКОПЈЕ 7 | UL: 34 | 12 | 1000 | СКОПЈЕ-ИЛИНДЕН | +38970248714 |
| VULCO СКОПЈЕ 8 | ЏОН КЕНЕДИ | 11 | 1000 | СКОПЈЕ | +38970336999 |
| VULCO СТРУГА | МАРШАЛ ТИТО | 252 | 6330 | СТРУГА | +38970261157 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| VULCO СТРУМИЦА | ЛЕНИНОВА | 84 | 2400 | СТРУМИЦА | +38971345551 |
| VULCO TETOBO 1 | ИЛИНДЕНСКА | ББ | 1200 | ТЕТОВО | +38971240460 |
| VULCO TETOBO 2 | ДРЕНОЕЦ-ПОРОЈ | ББ | 1200 | ТЕТОВО | +38970224827 |
| VULCO TETOBO 3 | ИЛИНДЕНСКА | ББ | 1200 | ТЕТОВО | +38970366015 |
| VULCO ВАЛАНДОВО | С.БРАЈКОВЦИ | ББ | 2460 | ВАЛАНДОВО | +38978407689 |
| VULCO ВЕЛЕС | ПЕНЧО ДАВЧЕВ | 73 | 1400 | ВЕЛЕС | +38975216044 |